ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-6782/1
05-09 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РСМ (АВРСМ), и Договорот за соработка Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Гази Баба, во рамките на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ, на ден 05.09.2023 година се објавува:

# ВТОР ЈАВЕН ПОВИК

до

евидентирани невработени лица за вклучување во

Програмата Општинско - корисна работа

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект „Вклучени граѓани, подобрени услуги“ за работно ангажирање со скратено работно време, заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Скопје.

Евидентираните невработени лица кои немаат сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера согласно услугата која треба да се испорачува ќе бидат вклучени во програмата со работно ангажирање до 31.03.2023 година.

Право на учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата .

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 15.750,00денари бруто износ за времетраењето на обуката и работното ангажирање, со вклучени данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

ВСС- воспитувач во детска градинка, со завршено соодветно високо образование. Во рамките на категоријата Д се утврдуваат следниве нивоа на работни места на воспитувач:

- активен барател на работа

- ниво Д1 воспитувач во детска градинка за нега и грижа на деца со специфични потреби попречени во менталниот развој или телесна попреченост (завршено ВСС за воспитувач кое поседува важечка лиценца за воспитувач).

- Да поседува важечка лиценца за воспитувач издадена од Комисија за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст и на директори на установи при МТСП

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Скопје во периодот од 05.09.2023 година до 11.09.2023 година**, од 08:00 до 14:00 часот.**

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Гази Баба и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во: општина Гази Баба кај лицето Валентина Ангеловска- Ќиевска, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, во Агенција за вработување- Центар за вработување Скопје кај лицето Гоце Петрушевски и во Центар за социјална работа Гази Баба кај лицето Билјана Ангелова.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бобан Стефковски**